| | |
|---|---|
| Наслов на програмата : | **Програма за активности на Општина Гевгелија во областа образование за 2025 година** |
| Град/општина: | Гевгелија |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата:** | -Сектор за јавни дејности и локален економски развој<br>-Одделение за образование |
| **Вид на програмата** | Хоризонтална |
| **Правна основа** | - Закон за локална самоуправа;<br>- Закон за основно образование;<br>- Закон за средно образование;<br>-Закон за средно стручно образование;<br>- Закон за спречување и заштита од дискриминација;<br>- Закон за еднаквите можности на жените и мажите.<br>Обврски од Национални стратегии и други правни документи:<br>-Национална стратегија за образование 2018-2025;<br>- Социјален план на Општина Гевгелија 2023 - 2026 година;<br>- Интегрален развоен локален план на О.Гевгелија 2024-2027 година;<br>- Одлуки за стипендирање студенти- жители на општина Гевгелија во прва година, запишани на Медицинските, Машинските и Електротехничките факултети во државата. |
| **1. Вовед/опис на програмата** | Согласно надлежностите на О. Гевгелија кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и законите од областа на образованието се реализира Годишна програма за активности во образованието во 2025 година за потребите од областа на образованието на учениците, наставниците, граѓаните. Во Програмата се предвидени активности и финансиски средства за реализација на истите. Активностите се во насока на преземање мерки кои ќе придонесат за подобрување на условите во општинските училишта, особено на ученците од социјално ранливи категории семејства. Програмата дава можност за севкупен развој на заедницата, со што се овозможува зголемено учество во процесот на донесување на одлуки, управување со училиштата како и ефикасна контрола врз воспитно-образовниот процес и квалитетот на наставата, а се разбира и преземање одговорност за негово финансирање. |
| **2. Процес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување** | Појдовна основа за донесување на Програмата се: обврската на локалната самоуправа за имплементација на законите од областа на образованието, спроведените анализи за општинските училишта за учебна 2024/2025 и средби на Градоначалникот со директори на општинските училишта за идентификување на потребите на училиштата во рамки на креирање за Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година. Согласно основните податоци за учебна 2024/2025 година, во општинските училишта се запишани вкупно 2584 ученици од кои 1853 ученици во основно образование и 731 ученик во СОУ „Јосиф Јосифовски“-Гевгелија. На територијата на општина Гевгелија има 298 вработени во областа на образованието, од кои 231 се наставен кадар.<br>Во учебна 2023/2024 година доделени се училишни прибори за 228 правчиња;<br>За 98 матуранти на генерација 2023/2024 година Општина Гевгелија исплати свечен матурски оброк за секој матурант; |

| | |
|---|---|
| | Изготвени се шест решенија за доделување финансиски средства од 10.000 ден. за првенц на генерација од секое општинско училиште;<br>Општина Гевгелија, со донесени Одлуки на Совет на Општина Гевгелија и врз основа на распишан Конкурси за стипендирање студенти во академските 2019/2020, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 2024/2025 година, стипендира 16 студенти, запишани на Медицинските факултети (М- 2, Ж- 14) и на ФЕИТ и Машинските факултети (М- 5) во државата. Висината на стипендијата изнесува 6.000 денари месечно, за 10 месеци. Со оваа Програма ќе се стимулираат учениците, наставниците и ќе се создаде еднаков пристап на различни категории семејства со што и ќе се стимулира социјалниот дијалог и ќе се зголеми општинскиот буџет за развојни активности од областа на образованието. Појдовна основа за реализација на активностите се направената анализа на потребите на корисниците на оваа програма: училишта, наставници, ученици, студенти, семејства и други институции. Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и истата директно придонесува кон имплементација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи од овие области. |
| **3. Цел на програмата или цели и опис** | Активностите на оваа Програма се насочени кон имплементација на следниве цели:<br>- Стимулирање на учениците за унапредување на нивните знаења;<br>- Создавање на услови и креирање на постапки и процедури за субвенционирање на различни категории на семејства со единствена цел помош и поддршка за еднаков пристап и можност сите ученици;<br>- Зголемување на делот на општинскиот буџет наменет за развојни активности во образованието;<br>- Социјален дијалог и образование фокусирано на севкупен развој на заедницата; |
| **4. Мерки (или тематска област)** | **МЕРКА 1- ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИ, СТУДЕНТИ И НАСТАВНИЦИ**<br><br>**4.1.** Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:<br><br>**4.1.1. Стипендии за вкупно 21 студент од Медицински факултети, Машински и ФЕИТ**<br>Оваа Право го остваруваат студенти кои се пријавиле по даден Конкурс, по преходно донесени Одлука од страна на Совет на О.Гевгелија за стипендирање и Правилник. Барателот е потребно со пријавата за доделување на стипендија да достави: - потврда за запишан семестар, копија од лична карта... По изготовка на Записници по даден Конкурс, се врши рангирање, се изготвува Одлука за доделување стипендии и се изготвуваат Договори , кои се склучени помеѓу градоначалникот и стипендистот. Стипендијата ќе изнесува 6000 денари за 10 месеци за секој студент.<br>Се примаат потврди од претходни стипендисти за редовно запишан зимски семестар, се доставуваат редовно Списоци за исплата до Одделението за финансии и се изготвуваат Извешати за исплатени средства од буџетот на О.Гевгелија за потребите на Советот на О. Гевгелија. |

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Стипендии-Медицински факултети, ФЕИТ и Машински | -доделени финасиски | Зголем број на запишани | Септември-Јуни 2025 | -одд.за образов.<br>-одделение за | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | средства<br>-број на поднесни пријави | студенти од дефицитарните насоки | | финансиски прашања<br>-Градоначалник | |

**4.1.2** Доделување на награди за **првенци на генерација** за учебна 2024/25 година.

Оваа активност се однесува на сите шест општински училишта. Секое училиште до одделението за образование ја доставува следната документација: Одлука за избор на првенец, копија т-ска сметка и копија л.к.). Врз основа на доставената документација одделението за образование изготвува Решение за доделување финансиски средства за првенец на генерација за секое општинско училиште.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Доделување награди за првенци на генерација за учебна 2024/2025 | -финансиски средства<br>-број на наградени ученици | - | Јуни-Август | -одделение за образование<br>-одделение за финансиски прашања<br>-градоначалник | |

**4.1.3. Поддршка на талентирани ученици** за учество на државни и меѓународни натпревари.

Во рамки на одржување на државни и меѓународни натпревари училиштето кое учествува на натпревар доставува Барање со потребна документација до граданочалник/ одделение за образование за финансиска поддршка за трошоци за реализација на натпреварот. Одделението за образование изготвува Известување до училиштето и до одделение за финансиски прашања за дел од трошоците кои ќе бидат покриени за наведената активност и истото го доставува за реализација до одделението за финансиски прашања/градоначалник.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка на талентирани ученици | -финансиски средства<br>-промотивни материјали<br>-број на талентирани ученици | -наградени ученици<br>-промоција на општина | учебна 2024/2025 и учебна 2025/2026 | -одд. за образование<br>-одд.за финансиски прашања<br>-градоначал.<br>-училишта | |

**4.1.4 Награда за ученици, ученички тимови и наставници кои освоиле I, II и III место на државни и меѓународни натпревари.**

Во рамки на оваа активност училиштето кое освоило I, II и III место на државни и меѓународни натпревари доставува Барање со потребна документација со доказ за освоена награда, копија од лична карта, т-ска сметка на учесниците до граданочалник/ одделение за образование. Одделението за образование изготвува Одлука за доделување награда и Решение за исплата на финсиски средства на наградените учесници и истите ги доставува за реализиација до одделение за финансиски прашања. прашања/градоначалник.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Награда за учесници на натпревари кои освоиле I, II и III место на државни и меѓународни натпревари | -доделени финансиски средства;<br>-број на наградени учесници | -Промоција на училиште<br>-Промоција на општина<br>-Наградени учесници | учебна 2024/2025 и учебна 2025/2026 | -одд. за образование<br>-одд.за финансиски прашања<br>-градоначал.<br>-училишта | |

**МЕРКА 2: ПОСТАПКИ И ПРОЦЕДУРИ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СЕМЕЈСТВА СО УЧЕНИЦИ**

**4.2** Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**4.2.1 Училишен прибор за секое прваче.**

За реализација на оваа активност Општина Гевгелија подготвува и распишува тендер за набавка на училишен прибор на првачиња. По спроведената тендерска постапка градоначалникот ги доделува набавените комплети на првачињата, на почетокот на учебната 2025/2026 година.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Училишен прибор за секое прваче | Број на доделени училишни прибори за правчиња | -промоција на општината;<br>-мотивирани правчиња | Август-Септември 2025 | Општина Гевгелија | |

**4.2.2 Училишен оброк за ученици од социјално ранливи категории**

За реализација на оваа активност Општина Гевгелија подготвува и распишува тендер за снабдувач за оброк за ученици од социјално ранливи категории за 2025 година. Бесплатна храна ќе се обезбеди за ученици во основните општински училишта, чии родители се корисници на гарантирана минимална помош и се жители на општина. Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа - Гевгелија, на барање од Општината, ќе достави список на ученици кои можат да го остварат ова право.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Училишен оброк за ученици од социјално ранливи катего. | Број на ученици | Доделен оброк на ученици | Јануари-Декември | Општина Гевгелија | |

**4.2.3 Субвенционирање за училишна екскурзија за ученици од социјално ранливи семејства**

Оваа активност е предвидена за редовни ученици од III година во СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија, а ќе се реализира врз основа на доставен список од училиштето до одделение за образование

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Субвенционирање за училишна екскурзија за ученици од социјално ранливи семејства | -Број на ученици<br>-доделени финансиски средства | -реализација на екскурзија за ученици од социјално-ранливи категории семејства | Април-Мај 2025 г. | Општина Гевгелија | |

**4.2.4 Прослава на Матурска вечер на генерација матуранти 2024/25 при СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија**

За реализација на оваа активност Матурскиот одбор при СОУ „Јосиф Јосифовски“-Гевгелија поднесува барање до градоначалникот за исплата финансиски средства за прослава на матурска вечер со список на матуранти, избрана музика и локација на прославата. Финансиските средства со Решение за исплата, изготвено од одделение за образование се доставува до одделение за финансиски прашања и средствата се префрлаат на т-ска сметка на преставник од МО при СОУ.

| **Активност** | **Индикатори** | **Резултати** | **Временска рамка** | **Носител на активност** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|
| Прослава на матурска вечер на генерација матуранти 2024/25 | -број на матуранти<br>-доделени финансиски средства | Организирана прослава на матурска вечер за матуранти | Април-Мај 2025 | Општина Гевгелија | |

**Мерка 3: ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ ЗА РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО**

**4.3** Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста.

**4.3.1 Поддршка на училиштата за МИО активности.**

За реализација на оваа мерка општинските училишта кои се добитници на грантот од МОН доставуваат барање за исплата на финансиски средства за МИО активности со партнер –училиште. Одделението за образование изготвува Решение за исплата на финансиски средства за општинско училиште –добитник на грант од МОН и го доставува за исплата/реализација до одделение за финансиски прашања.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка на училишта за МИО активности | -број на училишта кои аплицирале до МОН<br>-доделени финансиски средства | -добиени грантови од МОН за општински училишта<br>-реализирани МИО активности со партнер училиште | Јануари-2025<br>Април-2025 | -одделение за образование<br>-одделение за финансиски прашања<br>-општински училишта | |

**4.3.2 Поддршка на општинските училишта во учество на партнерски проекти со невалдаини организации, здруженија и фондации**

Во рамките на оваа активност, општинското училиште поднесува Барање/Писмо до одделение за образование за поддршка на проектна активност и истата со заверка/потпис на градоначалник се доставува на училиштето.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| партнерски проекти со општински училишта од областа на образование | -број на учесници/партнери во проекти | Реализирани проектни активности | Тековно | -општински училишта<br>-Општина Гевгелија | |

**Мерка 4: СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ И ОБРАЗОВАНИЕ ФОКУСИРАНО НА СЕВКУПЕН РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА**

**4.4.** Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста

**4.4.1 Поддршка на училишни манифестации и кампањи**

Општина Гевгелија ќе даде поддршка за реализација на манифестацијата Матурска парада, со обезбедување на потребни реквизити за матурантите , како и надоместок за лицата кои ги подготвуваат матурантите за матурскиот танц.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| -манифестација Матурска парада 2025 | -доделени финансиски средства<br>-број на матуранти | Реализација на манифетацијата | Мај 2025 | Матурски одбор на СОУ<br>Општина Гевгелија | |

**4.4.2 Кампањата на „Крени глас против врсничко насилство“.**

Оваа активност на МАКПЕТРОЛ континуирано ќе биде поддржана од Општина Гевгелија.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Кампања: „Крени глас против врсничко насилство“ | -број на вклучени наставници<br>-број на вклучени родители | -зголемена свесност за врсничко насилство;<br>-поттик за градење почит; | Април-Мај 2025 | -МАКПЕТРОЛ<br>- Општина Гевгелија | |

**4.4.3 Одржување социјален дијалог со претставниците на локалните компании и совети на родители од општинските основни училишта за креирање уписна политика во средно стручно образование**

На покана од О. Гевгелија и СОУ „Јосиф Јосифовски“-Гевгелија, во просториите на СОУ ќе се организира средба со локални стопанственици, совети на родители од општинските основни училишта за креирање уписна политика во средно стручно образование при СОУ „Јосиф Јосифовски“-Гевгелија.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Социјален дијалог за креирање уписна политика во средно стручно образование во СОУ | -број на запишани ученици во средно стручно образование во СОУ<br>-број на претставници од локалната бизнис заедница;<br>-број на преставници од Совет на родители од општинските училишта | -зголемен број на ученици запишани во средно стручно образование | Декември 2024 год. и Јануари 2025 год. | -Општина Гевгелија<br>-СОУ „Јосиф Јосифовски“-Гевгелија | |

| | |
|---|---|
| **5. Очекувани резултати од мерките** | Еднакви можности за сите вклучени корисници на оваа Програма. |
| **6. Ризици** | Финансиски ризици. |
| **7. Буџет на програмата и извори на финансирање** | **Програма N1 - 350.000 ден.**<br>**Програма N2 - 480.000 ден.**<br>**Вкупно:N1+N2=830.000 ден.**<br>Активностите предвидени во Програмата, во зависност од потребите на корисниците, ќе се финансираат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година, и со средства од: |

| | |
|---|---|
| | - Министерство за образование и наука;<br>-Здруженија, фондации и други заинтересирани лица;<br>- Други извори. |
| **8. Следење и известување/евалуација** | -Се подготвува Годишен извештај, за којшто ќе биде одговорен раководителот на Одделението;<br>- Годишниот извештај го усвојува Советот на Општината и се објавува во Службениот гласник;<br>- Мерките и резултатите од Програмата се промовираат на веб-страната на О. Гевгелија и на социјалните мрежи. |
| **9. Завршни и преодни одредби** | За реализација на Програмата, надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија. Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“. |

Бр.09-1614/1
26.12.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх, с.р.**